## ЕУ Регулатива за надлежност, признавање и извршување на судските одлуки во брачните спорови и прашањата поврзани со родителска одговорност

## Признавање на странски судски одлуки

Кога се прави осврт на постапувањето на домашните судови во постапките за признавање на странски судски одлуки кои се однесуваат на брачните спорови и прашањата за родителска одговорност врз основа на Законот за меѓународно приватно право и споредба со правилата на ЕУ односно, Регулативата Брисел 2а, важно е да се забележи дека постои идентична цел која се манифестира преку олеснувањето на правниот промет во услови на постоење странски елемент различно државјанство, живеалиште или престојувалиште во различни земји и сл.)

Имено, Регулативата Брисел 2а ( Уредба ) 2201/2003 на Советот на Европа има за **цел**

- стандардизација на правилата, односно Регулативата е обврзувачка во земјите членки

- слободно движење на пресудите за престанок на брачната врска и за родителските должности (старателство, пристап и предавање на дете)

**Одлуките на домашните судови со кои се признаваат странски судски одлуки** ги изедначуваат странските одлуки со одлуки на домашен суд и со тоа се создаваат услови за нивно слободно движење и вклучување во правниот сообраќај во земјата. Со тоа се олеснува секојдневието на граѓаните на кои се однесуваат. Имено, промените кои настанале со донесените одлуки се забележуваат во соодветните матични книги како што е случај и со одлуките на домашен суд.

Важни определби на Регулативата Брисел 2а се дека таа не ги менува туку ги проширува **правилата поврзани со брачните прашања** во Регулативата 1247/2000 Брисел 2

Имено, општествената реалност на членови во семејството од разни националности или кои не живеат во иста земја членка, налага униформни правила за надлежност, признавање и примена на одлуките со утврдување

- Кој суд од земја членка е надлежен во постапка за развод, се овозможува

- Да се избегнат паралелни постапки во различни држави, се определува

- Надлежноста за одлуки поврзани со родителски должности и се обезбедува

- Признавање на одлуки на една земја членка во друга.

Сето ова се однесува на земјите членки, односно Регулативата не содржи правила за признавање на актите за развод од земјите кои не се членки на ЕУ. Во таква ситуација се применуваат домашните правила за признавање.

**Проширувањето на надлежноста** со Регулативата Брисел 2а се однесува на родителската одговорност. Регулативата ја дефинира родителската одговорност која ја сочинуваат сите права и обвски во однос на дете или имот на дете кои му се даваат на физичко или правно лице со пресуда.

Притоа, целта на Регулативата е да обезбеди еднаков третман на сите деца независно дали се од венчани или невенчани двојки.

Меѓутоа, Регулативата не ги опфаќа институтите - татковство, посвојување, име и презиме, еманципација, доверување на имот и наследство, мерки кои се превземаат кон деца извршители на кривични прекршоци.

Надлежен суд се определува според вообичаеното живеалиште на детето.

Признавање и извршување во друга земја членка – без одложување се прогласува дека одлуката е извршна.

Сепак, признавањето се одбива ако:

- одлуката е спротивна на јавната политика во земјата

- на детето не му е дадена можност да биде сослушано, освен во итни случаи

- на лицето кое тврди дека таа одлука ја прекршува неговата родителска одговорност, не му била дадена можност за сослушување

- одлуката била донесена во отсуство не едната страна која не ги добила документите уредно и навреме за да ја подготви својата одбрана

-одлуката е противречна на друга одлука

Регулативата го гарантира правото на контакт на детето со двајцата родители и дозволува одлуките за право на пристап автоматски да се признаваат и извршуваат во другите земји членки.

Регулативата воведува правила за ефективно решавање на проблемот со грабнување на деца (бесправно отстранување или задржување на дете ) со тоа што главниот збор го има судот во земјата членка каде детето имало место на живеење пред грабнувањето ( кој ја носи конечната одлука )

Регулативата не содржи правила во однос на признавањето одлуки за развод од земји кои не се членки на ЕУ. Во таков случај мора да се применат домашните правила за признавање.

/

Во нашата земја, Законот за меѓународно приватно право ( Сл.в.РМ 87/07, 156/10) ги содржи правилата за определување на меродавно право за личните ( статусни), семејни, имотни и други материјално правни односи со меѓународен елемент, правилата за надлежноста на судовите за расправање на наведените односи како и **постапката и правилата за признавање на странски судски одлуки.**

## ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРАНСКИ СУДСКИ ОДЛУКИ

Странска судска одлука се смета одлука на суд на странска држава, порамнување склучено пред суд и одлука на друг орган што во државата во која е донесена е изедначена со судска одлука судско порамнување.( чл.99 )

Странска судска одлука се изедначува со одлука на суд на РСМ, само ако ја признае суд во РСМ.

Услови за признавање

- предлог

- одлуката чие признавање се бара во оригинал или заверен препис со потврда за правосилност и во заверен превод на јазикот во службена употреба на тој суд и потврда за извршност според правото на државата во која е донесена ако се бара и извршност.

Признавањето се одбива ако:

- поради неправилности во постапката на странката била оневозможена да ја истакне својата одбрана

- актите во постапката ( тужба,покана, одлука ) не и биле доставени на странката на начин предвиден со правото на државата во која одлуката е донесена или немало обид за достава, освен ако се впуштила во расправање за главната работа пред првостепениот суд

- ако постои исклучива надлежност на суд на РСМ.

- ако не бил земен во предвид договорот на странките за надлежност на суд на РСМ.

- ако веќе постои правосилна одлука на домашен суд или орган или е призната странска судска одлука за истата работа. ( доколку постапка за истата правна работа е во тек, постапката признавање запира до правосилна завршување на парницата )

- ако странската судска одлука е во спротивност со јавниот поредок на земјата.

Постапка за признавање

Се поведува по предлог. Во статусните предмети признавање може да бара секое лице кое има правен интерес.

Месно надлежен е секој стварно надлежен суд. Одлучува судија поединец. Се носи Одлука во форма на решение.

Услови за признавање

– Судот се ограничува на испитување на условите од чл.101 до 110 од Законот. Ако нема пречки се донесува решение за признавање ( чл.113 )

Против решението дозволен е приговор во рок од 15 дена по кој одлучува совет од тројца судии на истиот суд.

Против решението по приговорот и против решението со кое е одбиен предлогот за признавање дозволена е жалба до Апелациониот суд, во рок од 8 дена од прием на одлуката.

/

<u>ПРИМЕРИ ОД СУДСКА ПРАКСА</u>

ВППбр. 507/19

ВППбр. 513/19

ПСОбр. 8/16

ПСОбр. 15/16

ПСОбр. 45/16

ПСОбр.89/16

ВППбр.237/18

Одлуките ВПП бр.507/19 и ВППбр.513/19 се однесуваат на признавање странски судски одлуки за развод на брак, додека одлуката ПСО бр.12/16 за признавање на странска судска одлука со која бракот бил поништен.

Одлуките ВППбр.8/16 и 15/ 16 се процесни решенија со кои е отфрлен предлогот како неуреден поради недостатоци кои предлогот задолжително треба да ги содржи ( како што е потписот на полн. на подносителот) и недоставени докази – странската пресуда во оригинал или заверен препис со потврда за правосилност чл.101 од ЗМПП.Одлуката ПСО бр.45/16 и ПСО бр.95/16 се однесуваат на признавање на странска судска одлука со која бракот бил разведен и воедно со истата е одлучено и за превземањето на водењето на родителската грижа од страна на поранешните брачни другари.

/

Тоа што секако треба да се дополни во врска со примената на одредбите од ЗМПП за постапувањето по предлог за признавање на странски судски одлуки е дека и покрај формалниот аспект на одлуките од една страна кој се ограничува на исполнување на цитираните услови за признавање, секогаш се имаат во предвид и одредбите за темелните вредности вградени во Општата декларација за човекови права и ЕКЧП, кои меѓудругото, го обезбедуваат правото на пристап и остварување на правата, конкретно правото кое произлегува од странската одлука чие признавање било побарано. Овој особено важен меѓународен акт забранува дискриминација заснована на пол, раса, вера, мислење, потекло и сл. и предвидува еднаквост, која пак подразбира рамноправност на сите луѓе при уживањето на основните права и слободи независно од личните карактеристики. Наведените вредности се темел и на основните начела на Уставот на РСМ, како и на сите домашни и меѓународни акти чија примена истиот ја предвидува во секој конкретен случај.

Регулатива бр.2201/2003 Брисел 2а

Закон за меѓународно приватно право

Закон за вонпарнична постапка

Закон за парнична постапка

Ноември 2019 година — Зора Треневска, Судија во пензија